Ст.бр.22/2025

Р

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „МИК-ХОЛДИНГ“ Митревски Сашо ДООЕЛ Кичево, по одржаната расправа, во присуство на Полномошник Тијана Митревска од Кичево на должникот и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 03.09.2025 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „МИК-ХОЛДИНГ“ Митревски Сашо ДООЕЛ Кичево со седиште ул. „Мито Јовески“ бр.24 Кичево, со ЕМБС 4884116 и ЕДБ 4012995102911, основано 09.09.1994 година, со приоритетна дејност 56.30 Подготовка и послужување на пијалаци, со трансакциска сметка со број: 250032000115811 при Шпаркасе банка АД Скопје, **СЕ ОТВАРА** стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се **ЗАКЛУЧУВА**.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението, Шпаркасе банка АД Скопје, да ја згасне трансакциската сметка на должникот 250032000115811 а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот – должникот, на ден 18.06.2025 година, поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „МИК-ХОЛДИНГ“ Митревски Сашо ДООЕЛ Кичево, повикувајќи се на тоа дека должникот е неликвиден и не може да ја продолжи дејноста.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое полномошникот на предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 03.09.2025 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека на должникот е со блокирана сметка повеќе од 45 дена.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 22/2025 од 03.09.2025 година.**

**Стечаен судија,**
**Илјаз Исмаили**

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот – должникот Полномошник Тијана Митревска од Кичево, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Шпаркасе банка АД Скопје.